# Мониторинг и евалуација на владеењето на правото во Република Македонија

**ИЗВРШНО РЕЗИМЕ И ПРЕПОРАКИ**

**Ноември 2016**

## РЕЗИМЕ

Минатата годна остана обележана од политичката криза предизвикана од незаконското пресретнување на комуникациите на функционери од висок ранг. Не дојде до пробив за повторно воспоставување на владеењето на правото, и покрај притисокот од граѓанскиот сектор - и неформалниот и формалниот. Протестите на граѓаните - „Шарената револуција“ - што беа најинтензивни во пролетта 2016 се поретки по Пржино 2 и во исчекување на предвремените парламентарни избори. Фокусот врз партиските пазарења во тек на процесот на преговарање за Пржино, иако обезбеди непопречена работа на Собранието, дополнително наштети на процесот на донесување на одлуките. Истовремено, процесот на донесување одлуки се фокусираше врз брзото усвојување на одредбите поврзани со Пржино и главно контроверзните закони и амандмани предложени од Владата, без поширока расправа.

Меѓународната заедница беше мошне вклучена во олеснувањето на преговорите, кои се водеа меѓу четирите главни политички партии, стеснувајќи го фокусот за да се обезбедат минимални услови за слободни и фер избори. Влијанието беше ниско и тешко се спроведуваше - и беше повеќе насочено кон поправка на штетата отколку на притисок за вистински реформи. Мигрантската криза имаше свое влијание врз меѓународната заедница - таа ги пренасочи приоритетите од демократијата на безбедноста.

Наспроти „конструктивното учество“ во преговорите, владеачките партии презедоа други постапки опречни со самата суштина на Договорот, а и со основните принципи на владеењето на правото. Со тоа јасно покажаа дека немаат политичка волја за спроведување на Договорот, туку дека спроведуваат конзистентна стратегија за одложување на политичката и кривичната одговорност со сите средства. Најфлагрантниот пример беше аболицијата од страна на Претседателот на голем број лица вклучени во скандалот со прислушувањето – што беше само еден од начините за опструкција на работата на СЈО. Згора на тоа, бројните партиски именувања и вработувања ја зајакнаа врската меѓу државата и партијата. Конечно, по минимизираната верзија на Договорот од Пржино – Пржино 2, кој што ги стесни условите за изборите на избирачкиот список и на времено тело за контрола врз известувањето на медиумите во тек на кампањата, предвремените избори се закажаа за 11 декември 2016.

Граѓанското општество се вклучи по повеќе заеднички активности на застапување; сепак, овие напори не наидоа на соодветен одговор од владеачките партии. Сепак, притисокот се зголеми, а активности се поартикулирани.

Неспорно е дека немаше напредок во поглед на владеењето на правото во текот на изминатата година. Сепак, оваа студија укажува дека напредокот во различните области варира - некои стагнираа (избори и изборни реформи, парламент, реформа на јавна администрација, миграции и азил, регионални прашања и меѓународни обврски); само за една е оценето дека има извесен

напредок (борба против тероризмот), додека кај мнозинството од опфатените области забележавме назадување (влада, соработка меѓу граѓанско општество и Влада, парламентарен надзор над безбедносни служби, правосудство, борба против корупција, борба против организиран криминал,темелни права и заштита на малцинствата, слобода на изразување, реформа на полиција). Севкупната оцена, сепак, е дека, со цел да се справи со политичката криза и да напредува на евро-атлантската патека, наредната влада мора да го напушти трендот на законодавни измени и да се сосредоточи на суштествените реформи и на нивното соодветно споведување, притоа јасно разделувајќи ја партијата од државата.

## Препораки

Ниту една од подолу изнесените препораки не е упатена кон сегашната Влада, затоа што предуслов за одново воспоставување на владеењето на правото во земјата е претставниците на сегашната Влада да си ја преземат политичката и друга одговорност за незаконски прислушуваните разговори, откриени со аферата во 2015 година.

### За политичките партии

- Да обезбедат слободни и фер избори;
- На листите на кандидати за пратеници да не се кандидираат личности за кои Специјалното јавно обвинителство започнало истрага;
- Пред изборите јавно да се обврзат дека одново ќе се воспостави владеењето на правото и дека ќе се обезбеди одвојување на партијата од државата, особено преку:
  - Обезбедување на независноста на независните и надзорни органи пред се - Уставниот суд, Судскиот совет и Советот на јавни обвинители;
  - Обезбедување поддршка за Специјалното јавно обвинителство;
  - Гарантирање на професионалност во службите за државна безбедност;
  - Отсуство на политичко мешање во вработувањето и напредувањето на вработените во јавната администрација;
  - Обезбедување на слободата на изразување, преку итна забрана на владиното рекламирање во медиумите; професионализација на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни услуги;
  - Конструктивна и континуираната соработка со граѓанскиот сектор.

### За институциите на ЕУ

- ЕК треба да го врати вниманието врз наодите и препораките од извештајот на Прибе и следствено врз спроведувањето на итните реформски приоритети во земјата;
- Со оглед на тоа што влијанието на Европската комисија се намалува, ЕУ не треба и натаму да ги напушта инструментите од процесот за пристапување во ЕУ, без при тоа да дефинира релевантни и делотворни инструменти за унапредување на владеењето на правото;
- ЕК не смее да продолжи да ги компромитира основните демократски вредности и да ја жртвува демократијата во име на безбедноста;

- ЕК треба да одбегне нејзините извештаи и препораки да бидат премногу технички, а наместо тоа треба да се сконцентрира на реалниот и суштински напредок во различните области.

## За граѓанското општество

- Натаму да ја јакне и да продолжи да ја исполнува неговата улога на коректор на власта за да изврши поголем притисок врз институциите;
- Организациите од граѓанското општество треба да работат заедно, да ги дефинираат приоритетните прашања и заедно да се залагаат пред политичките субјекти за суштински и приоритетни активности кои ќе доведат до одново воспоставување на владеењето на правото во земјата, пред и по изборите;
- Организациите од граѓанското општество треба натаму да ги развиваат нивните активности за надзор, соработка и застапување насочени кон независните, надзорни и регулаторни органи со цел тие да се поттикнат да бидат потранспарентни и професионални.

## За независните, надзорни и регулаторни органи

За Државната изборна комисија:

- Добро да се подготви за претстојните избори и активно да ја одигра својата улога; да обезбеди објективност во работењето на Комисијата, како и навремен одговор на приговорите; редовно и детално да ја известува јавноста за подготовките за изборите и навреме да ги објави резултатите од изборите; да обезбеди транспарентност, меѓу другото, и преку отвореност на нејзините седници;
- Да подготви детален извештај за јавноста за спроведувањето на изменетиот Изборен законик, особено посветувајќи внимание на пречистување на Избирачкиот список, изнесувајќи ги при тоа извлечените поуки и опциите кои стојат на располагање, како и да започне јавна расправа по него;

За Судскиот совет и Советот на јавни обвинители

- Да ја повратат довербата на јавноста со тоа што ќе воспоставаат интегритет и нема да попуштаат пред притисоците од Владата;
- Да ги вклучат медиумите и организациите од граѓанскиот општество во нивната работа за да ја зајакнат сопствената транспарентност;
- Да бидат транспарентни во однос на изборот и унапредувањето на судиите и јавните обвинители.